**ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ПАСОШ**
потребна документација

**Замена на пасош заради истечена важност на стариот**

- Барањето се поднесува лично, во Амбасадата на РМ - Лондон
- Да се презентира пасошот чија важност истекува или е истечена.
- Уредно пополнети барања (образец бр. 6 - син картон) за издавање на патна исправа - пасош, во три примероци, на македонски јазик и кирилско писмо и лично потпишани. Пожелно е да биде запишан и телефонскиот број на странката заради евентуален контакт
- Извод од матична книга на родени (оригинал - македонски или британски со заверен превод на македонски јазик)
- Уверение за државјанство или друг доказ за државјанство (сина лична карта) на Република Македонија[1]
- Четири фотографии стандардна големина (3,5 x 4,5 см.)
- Такса:

за лица помлади од 27 години - £77.00 (ГБП)
за лица над 27 години - £129.00 (ГБП)
за упис на дете во пасош на родител - £35.00 (ГБП)

***Напомена 1:*** Ако станува збор за барање за издавање на **дупликат пасош заради губење или кражба на постојниот**, странката е должна да поднесе (покрај погоренаведените документи) и:

- Потврда од локалната полиција дека ја има пријавено кражбата или губењето на пасошот, како и
- Своерачно потпишана Изјава, за околностите под кои странката останала без патна исправа (ПИ).
- Таксата за дупликат пасош изнесува:

за лица помлади од 27 години - £129.00 (ГБП)
за лица над 27 години - £208.00 (ГБП)

***Напомена 2:*** Ако станува збор за барање за издавање на **дупликат пасош заради оштетеност**, странката треба да поднесе (покрај погоренаведените документи) и:

- Своерачно потпишана Изјава за околностите под кои е оштетена патната исправа.
- Таксата за нов пасош заради оштетеност на постојниот изнесува:

за лица помлади од 27 години - £129.00 (ГБП)
за лица над 27 години - £208.00 (ГБП)

**Напомена 3:** Ако станува збор за барање за посебен **пасош на малолетно лице** кое го поднесува само еден од родителите, треба да се поднесе и извод од Матична книга на венчани за родителите кој не е постар од 6 месеци.

---

[1] Чл. 23 од **Законот за државјанството** на РМ: Државјанството на РМ се докажува со важечка лична карта или патна исправа. (став 1) Државјанството на РМ се докажува и со уверение за државјанство на РМ кое врз основа на евиденцијата во смисла на чл.22 ст. 1 од овој закон го издава МВР. (став 2)

**Напомена 4:** Ако станува збор за **барање за посебен пасош за дете врз кое родителско право врши еден од родителите**, барањето го потпишува родителот кој го врши родителското право, но потребна е согласност и од другиот родител.

**Пред врачување на новиот пасош, се поништува стариот и странката го потврдува приемот на новиот пасош со свој потпис на синото картонче.**

**Амбасада на Република Македонија**
**5th floor, 25 James Street, London W1U 1DU**
**tel. + 44 20 7935 2823 / 3842  fax: + 44 20 7935 3986**
**E-mail: info@macedonianembassy.org.uk**